**ООУ „ БРАЌА МИЛАДИНОВЦИ“ Пробиштип**

ПЛАНИРАЊЕ НА НАСТАВАТА ПО СЛОБОДЕН ИЗБОРЕН ПРЕДМЕТ

# <u>РЕЛИГИОЗНО И КУЛТУРНО НАСЛЕДСТВО</u>

ЗА VI ОДДЕЛЕНИЕ - ДЕВЕТГОДИШНО ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ

## 2 часа неделно - 36 часа годишно

**Се реализира во текот на едно полугодие**

**Наставник кој ја реализира наставата во VI одделение**

**Михаил Ристов**

**превземено од ООУ„Ванчо Прќе“ Штип**

**РЕЛИГИОЗНО И КУЛТУРНО НАСЛЕДСТВО**

СЛОБОДЕН ИЗБОРЕН ПРЕДМЕТЗА ПОДДРШКА НА ЛИЧНИОТ И СОЦИЈАЛНИОТ РАЗВОЈ НА УЧЕНИЦИТЕ

## ОСНОВНИ ПОДАТОЦИ ЗА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

| | |
|---|---|
| Наставен предмет: | Религиозно и културно наследство |
| Вид./категорија на наставен предмет: | Слободен изборен предмет за проширување/продлабочување на знаењата од задолжителните наставни предмети |
| Автори на наставната програма: | Жаклина Ѓоргиева, ООУ „Ванчо Прке“ - Штип<br>доцент д-р Анета Јовковска и проф. д-р Ѓоко Ѓорѓевски |
| Прилагодил: | Михаил Ристов, ООУ „Браќа Миладиновци“ - Пробиштип |
| Одделение: | VI (шесто) |
| Број на часови: | 36 |
| Опрема и средства: | • Аудиовизуелни средства (телевизор, компјутер, ЛЦД проектор);<br>• Нагледни средства (цртежи, фотографии, изработки, списанија, книги, плакати, постери, апликации, илустрации, проспекти);<br>• Средства и материјали за истражување (енциклопедии, прирачници, хамери, работни листови);<br>• Средства и материјали за цртање (хартија, молив, дрвени боици, фломастери, мрсни боици, природни и вештачки материјали);<br>• Интернет, образовни софтвери. |

**Слободен изборен предмет:** Религиозно и културно наследство

## ПОВРЗАНОСТ СО НАЦИОНАЛНИТЕ СТАНДАРДИ

Наставната програма вклучува релевантни компетенции од следните подрачја на Националните стандарди: **Општество и демократска култура**

| ***Ученикот/ученичката знае и/или умее:*** | |
|---|---|
| VI-А.2 | да го анализира сопственото однесување со цел да се подобри, поставувајќи си реални и остварливи цели за активно делување во заедницата; |
| VI-А.3 | да ги формулира и аргументира своите гледишта, да ги сослушува и анализира туѓите гледишта и со почитување да се однесува кон нив, дури и тогаш кога не се согласува; |
| VI-А.4 | да прави критичка рефлексија за различните лични и општествени вредности и однесувања во различни контексти (особено во етички сензитивните ситуации), да ги почитува општествено прифатените норми и вредности, но и да ги предизвикува кога мисли дека тоа е потребно; |
| VI-А.5 | да ги разбира разликите меѓу луѓето по која било основа (родова и етничка припадност, возраст, способности, социјален статус, сексуална ориентација итн.); |
| VI-А.6 | да препознава присуство на стереотипи и предрасуди кај себе и кај другите и да се спротивставува на дискриминација; |
| VI-А.8 | да согледа што ги поврзува, а што ги разединува луѓето во заедницата, да изнаоѓа начини да придонесе за напредокот на заедницата, имајќи ги предвид потребите и интересите на сите; |
| VI-А.9 | да препознае ранливи групи во општеството, да поддржува и да учествува во хуманитарни и волонтерски акции; |
| VI-А.12 | критички да анализира и дискутира за вредностите на граѓанското општество, различните улоги и однесувања на граѓаните и за својата улога во него; |
| VI-А.13 | да го анализира концептот на човековите права и правата на децата, да идентификува случаи на повреда на правата и да презема активности за нивно неселективно почитување. |

| ***Ученикот/ученичката разбира и прифаќа дека:*** | |
|---|---|
| VI-Б.1 | не смее да прави дискриминација врз основа на разликите меѓу луѓето (родова и етничка припадност, возраст, способности, социјален статус, сексуална ориентација итн.); |
| VI-Б.2 | сите луѓе, вклучувајќи ги и децата, имаат право да ги изразуваат своите мислења и ставови и да учествуваат во донесувањето одлуки кои се поврзани со нивните потреби и интереси; |

| | |
|---|---|
| VI-Б.3 | човековите права се универзални, а границите на правата на секој човек се правата и слободите на другиот; |
| VI-Б.4 | неселективното почитување на човековите права и слободи е клучно за добросостојбата на поединците и за општеството во целина; |
| VI-Б.5 | еднаквоста, рамноправноста и социјалната кохезија се неопходни за успешно функционирање на заедницата; |
| VI-Б.6 | личниот ангажман и соработката со другите се битни за остварување заеднички јавен интерес; |
| VI-Б.7 | секој граѓанин е должен одговорно да се однесува кон сограѓаните, заедницата и општеството во целина, постојано имајќи ги предвид последиците од своите постапки по другите и околината. |
| VI-Б.11 | секој има право да избере која религија ќе ја смета за своја, односно да избере да не припаѓа на ниту една религија/вера, без да има последици од направениот избор; |
| VI-Б.12 | нашата држава е мултикултурно/мултиетничко општество во кое живеат припадници на различни култури/етникуми и секој нејзин граѓанин е одговорен да придонесува за интеркултурна размена и почитување на човековите права во интерес на заедничкото живеење во интегрирано, етнички кохезивно општество; |

Наставната програма вклучува дополнителни релевантни компетенции и од следните подрачја на Националните стандарди: **Уметничко изразување и култура, Личен и социјален развој, Јазична писменост и Дигитална писменост.**

| ***Ученикот/ученичката знае и/или умее:*** | |
|---|---|
| IV-А.6 | да избере и користи различни алатки за обработка на податоци, да ги анализира податоците и да ги претстави на различни начини почитувајќи ги правилата за користење; |
| IV-А.9 | во комуникацијата со други во мултикултурниот дигитален простор, ги почитува различните учесници и ги следи правните, културните и етичките норми во однесувањето во дигиталниот простор. |
| V-А.3 | да ги идентификува различните компоненти на сопствениот идентитет кој се гради врз основа на припадноста на различни социјални (на пр., родов, етнички и национален идентитет) и на различните улоги кои ги има во животот (на пр., ученик, син/ќерка); |
| V-А.6 | да си постави цели за учење и сопствен развој и да работи на надминување на предизвиците што се јавуваат на патот кон нивно остварување; |
| V-А.9 | да ги предвиди последиците од своите постапки и од постапките на другите по себе си и по другите; |
| V-А.10 | да применува етички начела при вреднување на правилното и погрешното во сопствените и туѓите постапки и да манифестира доблесни карактерни особини (како чесност, правичност, почитување, трпеливост, грижа, пристојност, благодарност, решителност, одважност и самодисциплина); |

| | |
|---|---|
| V-A.14 | да слуша активно и соодветно да реагира, покажувајќи емпатија и разбирање за другите и да ги искажува сопствените загрижи и потреби на конструктивен начин; |
| V-A.15 | да соработува со други во остварување на заеднички цели, споделувајќи ги сопствените гледишта и потреби со другите и земајќи ги предвид гледиштата и потребите на другите; |
| V-A.16 | да ги препознава проблемите во релациите со другите и да приоѓа конструктивно во разрешување на конфликтите, почитувајќи ги правата, потребите и интересите на сите вклучени страни; |
| V-A.20 | критички да ги анализира информациите и доказите според релевантни критериуми; |
| VIII-A.5 | да манифестира познавање на сопствената култура и на различните начини на нејзино изразување преку литературата и визуелните уметности, музиката и танците, градбите и другите културни продукти; |
| VIII-A.6 | да ги идентификува разликите и сличностите меѓу сопствената култура и другите култури во своето потесно и пошироко опкружување и да ја анализира нивната поврзаност и меѓузависност; |
| VIII-A.9 | да препознае и објасни како културата на која ѝ припаѓа (вклучително и на традицијата и религијата) влијаела на формирање на неговиот/нејзиниот идентитет и поглед на светот; |
| VIII-A.10 | да ги идентификува и преиспитува стереотипите и предрасудите кон припадниците на другите културни групи кои се манифестираат во неговото/нејзиното опкружување; |
| VIII-A.12 | да го интерпретира светот не само од гледна точка на припадниците на сопствената култура туку и низ перспективата на други култури; |
| I-A.3 | да води критички и конструктивен дијалог, аргументирано искажувајќи ги своите ставови; |
| I-A.12 | да користи информации од различни извори и медиуми и критички да пристапува кон нив, земајќи го предвид изворот, контекстот, целта и веродостојноста на презентираните информации; |

| ***Ученикот/ученичката разбира и прифаќа дека:*** | |
|---|---|
| V-Б.2 | осознавањето на сопствениот идентитет придонесува за јакнење на самодовербата и за развојот на личноста; |
| V-Б.4 | секоја постапка што ја презема има последици по него/неа и/или по неговата/нејзината околина; |
| V-Б.5 | од начинот на кој пристапува на решавањето на проблемите и разрешувањето на конфликтите зависи дали проблемите ќе бидат решени, односно дали конфликтите ќе бидат разрешени; |
| V-Б.8 | интеракцијата со другите е двонасочна – како што има право од другите да бара да му биде овозможено задоволување на сопствените интереси и потреби, така има и одговорност да им даде простор на другите да ги задоволат сопствените интереси и потреби. |
| VIII-Б.5 | на разликите меѓу културите треба да се гледа како на можности за учење и како предизвик за заемно разбирање и напредување; |

| | |
|---|---|
| VIII-Б.6 | почитувањето и промовирањето на другите култури придонесуваат за обезбедување почит за сопствената култура од страна на другите; |

## РЕЗУЛТАТИ ОД УЧЕЊЕ

Тема I: Теориски основи на христијанството како основа на религиозното и културно наследство во Македонија (6часа)

***Знаења/вештини:***

- ги познава основните елементи на традиционалната и духовна култура на овие простори преку основите врз кои почива, во случајов православното христијанско учење;
- ги препознава основните поими за православното христијанско учење;
- знае како се основани првите христијански заедници во Македонија;
- запознаен е со дејноста на македонските светители;
- знае како настанала Библијата, каде се користи и како треба да се чита;
- знае дека Библијата еоснова и инспирација на голем дел од македонското културно наследство.

***Ставови/вредности:***

- развива однос кон сопственото религиозно и културно наследство;
- развива почитување кон христијанската традиција;
- развива почитување кон делата на македонските светители;
- развива почитување кон основите на македонското религиозно и културно наследство.

| ***Содржини (и поими)*** | ***Број на часови*** | ***Примери на активности*** |
|---|---|---|
| **Кратка историја на христијанството од основањето до денес, со посебен осврт на христијанството во Македонија** (поими: христијанство, христијанска вера; Македонска православна црква, Католичката црква, Евангелско-методистичката црква). | 2 | - Учениците заедно со наставникот преку истражувачки активности и читање на пригодни текстови на тема„Како настанало Христијанството?“ се запознаваат со почетоците на Христијанството. Преку разговори учениците поделени во групи зборуваат за искуството на учениците (од претходните одделенија и од семејството) за христијанската вера; Секоја група презентира што се знаат за Христијанството во нивната група. На табла се запишуваат сите најважните работи кои секоја од групите ги презентира. |

| | | |
|---|---|---|
| | | - Наставникот одбирадокументарен филм  со тема почетоците на Христијанството и потоа заедничкиго гледаат. Потоа поделени во групи разговараат за филмот и за сознанијата кои ги стекнале.<br>- Учениците поделени во три групи, добиваат задача да истражат за историјата на православното христијанство до денес, со осврт и врз почетоците, како  и за историјата на католичката и евангелско-методистичката црква. Учениците се запознаваат со начинот на организирање на Македонската православна црква, како и на Католичката и Евангелско-методистичката црква во Македонија. Потоа прават кратка усна презентација на се што прочитале и на крајот сите заедно ги наведуваат оние работи кои ги поврзуваат сите три религии.<br>- Следи дискусија за поврзаноста на христијанството со останатите форми од културното, просветното и општественото живеење во насока на осознавање на значењето на христијанството не само во минатото, туку и денес. |
| **Македонски светители**<br>(поими: светители, свети Климент, свети Наум, свети Кирил, свети Методиј, Охридска школа,Свети Гаврил Лесновски, Свети Јоаким Осоговски, Свети Кипријан Слепченски, Свети Јоаким Крчовски, Свети Кирил Пејчиновиќ, Свети Јоаникиј Ракотински). | 2 | - Учениците поделени во  три групи добиваат задача да истражат и да прочитаат житијата ида најдат иконите на македонскитесветители; Првата група Свети Кирил и Свети Методиј, Свети Климент и Свети Наум, и за Охридската книжевна школа, втората за Свети Гаврил Лесновски, Свети Јоаким Осоговски, Свети Кипријан Слепченски. Третата група Свети Јоаким Крчовски, Свети Кирил Пејчиновиќ и Свети Јоаникиј Ракотински. Учениците изработуваат презентации, за религиознотозначење, но и за културно-историското значење.Зборуваат за институциите кои ги носат имињата на светците, за нивното значење, Свети Кирил,Методиј, Климент, Наум, за значењето на образованието и за културата. Се истакнува дека во времето на светите браќа и нивните ученици не постојат денешните поделби во христијанството; Се даваат примери за грижа на светителите за заедницата надвор од религиозната сфера (пр. поучувањето за калемење на свети Климент, лекарскиот прирачник на свети Јоаникиј и др.). |

| | | |
|---|---|---|
| | | - Учениците и наставникот разговораат за значењето на македонските светители, со посебен осврт врз зачуваната традиција за нив на овие простори (текстови, песни, светилишта, празнувања), со заклучоци во однос на тоа дека тие се неотуѓив дел од македонската народна и духовна традиција, како основа за надградување и збогатување на македонската духовност и култура денес. |
| **Библијата како света книга и инспирација во културната традиција во Македонија** (поими: Библија – запишан Божји збор, света книга, Стар и Нов завет, преводи). | 2 | - Наставникот им кажува на учениците дека Библијата како заедничка света книга на сите христијани; Потоа им дава инструкции на учениците како да се пронајде одреден стих во Светото писмо. Потоа учениците се делат на групи во кои секој ученик добива задача да пронајде одреден стих од Библијата и да го прочита; Наставникот имприкажувана учениците инсерти од филм за историјата на Библијата во Македонија.<br>- Учениците потоа водат дискусија за се што прочитале или виделе гледајќи ги инсертите од филмот заБиблијата, за различните текстови и литературни видови (поуки, изреки, параболи, стории), со заклучок дека постои длабока поврзаност на библиските содржини со зачуваната народна мудросна традиција. |

Тема II: Теориски основи на исламоткако основа на религиозното и културно наследство во Македонија (3 часа)

***Знаења/вештини:***

- ги познава основните елементи на традиционалната и духовна култура на овие простори преку основите врз кои почива, преку запознавање со основните податоци за исламот;
- знае како се основани првите муслимански заедници во Македонија;
- има познавање за Куранот, врз кого се заснова исламот и исламската културна традиција.

***Ставови/вредности:***

- развива почитување кон на исламската религиската и културна традиција;
- развива почитување кон основите на македонското исламско културно наследство.

| ***Содржини (и поими)*** | ***Број на часови*** | ***Примери на активности*** |
|---|---|---|

| | | |
|---|---|---|
| **Кратка историја на исламот од основањето до денес, со посебен осврт на исламот во Македонија** (поими: Ислам, Алах, Мухамед, пророци, Мека, Каба, Шејхул Ислам, Реисул Улема, Исламска верска заедница) | 2 | - Учениците добиваат задача да имаат истражувачки активности ичитање на пригодни текстови на тема за почетоците на исламот;<br>- Потоа наставникот презентира историски документи за уредувањето или документарен филм на исламското живеење во земјата; Учениците читаат кратки информации за Мухамед, за неговиот живот и за значењето на верскиот град Мека.<br>- Учениците поделени во групи разговараат за различните форми на уредување на исламската заедница, како и за начинот на организирање на Исламската верска заедница односно за сознанијата кои ги стекнале истражувајќи или гледајќи документарен филм за исламското живеење. |
| **Куранот како света книгаи инспирација во културната традиција во Македонија**<br><br>(арапската азбука, читање, теџвид, ајет, сура, џуз, мус'хаф, хафиз) | 1 | - Учениците се запознаваат со објаснувањето за настанувањето на Куранот и обрнуваат внимание за тоа на каков јазик е напишан;<br>- Учениците се запознаваат со преводите на Куранот кои се употребуваат во Македонија.<br>Дискусија со учениците за Куранот, со заклучок дека постои поврзаност на содржините од Куранот во зачуваната народна поучна традиција. |

<table>
<tr><td colspan="3">Тема III: Теориски основи на јудаизмоткако основа на религиозното и културно наследство во Македонија (3 часа)</td></tr>
<tr><td colspan="3">Знаења/вештини:</td></tr>
<tr><td colspan="3"><ul><li>ги познава основните елементи на традиционалната и духовна култура на овие простори преку основите врз кои почива, преку запознавање со основните податоци за јудаизмот;</li><li>знае како се основани првите еврејски заедници во Македонија;</li><li>има познавање за Талмудот, врз кого се заснова јудаизмот и еврејската културна традиција.</li></ul></td></tr>
<tr><td colspan="3">Ставови/вредности:</td></tr>
<tr><td colspan="3"><ul><li>развива почитување кон на еврејската религиската и културна традиција;</li><li>развива почитување кон основите на македонското еврејско културно наследство.</li></ul></td></tr>
<tr><th>Содржини (и поими)</th><th>Број на часови</th><th>Примери на активности</th></tr>
<tr><td>Кратка историја на јудаизмот до денес, со посебен осврт на јудаизмот во Македонија<br>(поими: синагога, менора, холокауст, Талмуд)</td><td>1</td><td>- Учениците истражуваат  ичитаат пригодни текстови на тема за јудаизмот; а гледаат и документарен филм;<br>- Поделени во групи разговораат за впечатоците од се што прочитале и од филмот.<br>- Потоа учениците поделени во групи се запознаваат со начинот на организирање на Еврејската верска заедница;<br>- Учениците се запознаваат со објаснувањето за настанувањето на Талмудот, а потоа разгледуваат содржини од Библијата и Талмудот и во дискусијата доаѓаат до заклучок за сличностите меѓу овие две значајни духовни и литературни дела.</td></tr>
</table>

Тема IV: Ризница на религиозното и културно наследство на тлото на Македонија (26 часа)

***Знаења/вештини:***

- ги познава основните податоци за религиозното и културно наследство;
- го идентификува значењето и придонесот на религиозното и културно наследство низ историјата и денес;
- ја препознава поврзаноста на сеопштите културни придобивки денес како резултат на религиозното и културно наследство;
- ја препознава религијата како прогресивен елемент во просветата и културата;
- има познавање на основните културни и религиски споменици на територијата на Македонија;
- запознаен е со почетоците и развојот на писменоста, уметноста, музиката, културата и традицијата низ вековите до денес;
- ја препознава поврзаноста на традиционалните и денешните одбележувања на големите празници.

***Ставови/вредности:***

- развива почитување кон сопствената религиска традиција и култура;
- развива почитување и одговорно однесување кон другите традиции и културни на овие простори.

| ***Содржини (и поими)*** | ***Број на часови*** | ***Примери на активности*** |
|---|---|---|
| **Писменост, книжевност и литература**<br>(поими: азбука, Охридска книжевна школа, скрипториум, ракописи, преродба) | 4 | - Наставникот ги запознава учениците со улогата на Свети Климент Охридски со презентации и инсерти од документарни филмови;<br>- Учениците прават споредба меѓу кирилицата и глаголицата (азбуките се паралелно поставени). Секој ученик своето име го пишува со глаголско писмо;<br>- Се прави избор на поучно слово до Свети Климент, се пронаоѓаат моралните поуки и потоа за нив се развива дискусија, а потоа и се доаѓа до заклучоци за важноста и актуелноста на одамна изговорените пораки и за денешните времиња.<br>--------------------------------------------------------------------------------<br>- Наставникот прави презентација на најзначајните македонски ракописи, како христијански, така и исламски;<br>- Се организира посета на НУБ „Свети Климент Охридски“; покрај изложените ракописи, учениците се запознаваат со начинот на конзервација и дигитализација.<br>Потоа учениците зборуваат за впечатоците и сознанијата од посетата на НУБ „Свети Климент Охридски“.<br>-------------------------------------------------------------------------------- |

| | | |
|---|---|---|
| | | - Учениците со помош на наставникот прават презентација за носителите на македонската преродба Свети Кирил Пејчиновиќ, Свети Јоаким Крчовски, Теодосиј Синаитски.<br>Се прави избор на текст од Свети Кирил Пејчиновиќ („Слово за празниците“), кој се анализира по групи и потоа секоја група, по меѓусебната дисусија,се прави посебен осврт кој води кон заклучокот за придонесот од неговата дејност за развојот и достигнувањата на македонската книжевност до денес.<br>---------------------------------------------------------------------------------<br>Наставникот прави избор на текст од Свети Јоаким Крчовски („Различна поучителна наставленија“), кој потоа се анализира по групи и потоа секоја група прави презентација на заклучоците,посебно во однос на придонесот од неговата дејност за развојот и достигнувањата на македонската книжевност до денес. |
| **Археолошки локалитети**<br>(поими: тврдина/кале, кули, Скопското Кале, Скупи, Стоби, Хераклеја, Голем град, Лихнидос, Баргала, Мородвис, Виничко кале) | 2 | - Учениците со помош на наставникот прават презентација на некои од најпознатите македонски локалитети:<br>- Скопската тврдина – Кале (со посебен осврт на откриена ранохристијанска црква, а според пишаните извори постојат и други цркви)<br>- Скупи (со посебен осврт врз рнохристијанската базилика со крстилница)<br>- Хераклеја (со посебен осврт врз локалитетот како значајно ранохристијанско епископско седиште, малата и голема базилика, епископската резиденција и мозаиците како најзначајни примероци од ранохристијанската уметност);<br>- Стоби (со посебен осврт врз локалитетот за еврејската традиција и синагогата, но и како значаен епископски центар од ранохристијанскатга традиција со откриени 4 цркви внатре и 3 три надвор од ѕидините);<br>Голем град (со посебен осврт на еднобродната базилика и на средновековните цркви Св. Димитриј и Св. Петар)<br>- Лихнидос (со посебен осврт на Плаошник) |

| | | |
|---|---|---|
| | | - Светите Петнаесет Тивериополски маченици (струмичко)<br>- Баргала (со посебен осврт врз епископската базилика)<br>- Муродвис (со посебен осврт врз еднокорабната црква со баптистериум)<br>Виничко кале (со посебен осврт врз пронајдените цркви и икони).<br>- Со помош на училиштето се организира посета на археолошки локалитет.<br>- Учениците заедно со наставникот организираат квиз со препознавање на гореспоменатите археолошки локалитети. |
| **Архитектура**<br>(поими: црква, манастир, џамија, синагога, саат кула) | 4 | - Учениците со помош на наставникот прават презентација на некои од најважните архитектонски објекти, заштитени како споменици на културното наследство од христијанската, исламската и еврејската традиција; на надворешноста, внатрешноста и основните карактеристики на внатрешноста на градбите;<br>- Се прави презентација на православните сакрални градби: на пример Свети Пантелејмон – Нерези, Свети Андреј – Матка, Марков Манастир, Свети Никита – Горњани, Свети Архангел Михаил – Кучевиште, Свети Спас – Скопје, Свети Ѓорѓи – Старо Нагоричане, Свети Јоаким Осоговски, Полошки Манастир, Свети Пантелејмон – Велес, Лесновски Манастир, Манастир Водоча, Манастир Вељуса, Варошки Манастир, Трескавец, Свети Никола – Мариово, Свето Преображение во Зрзе, Свето Благовештение во Прилеп, Свети Димитриј во Битола, Манастирот во Слепче – Демир Хисар, Свети Ѓорѓи во Курбиново, Света Софија во Охрид, Перивлепта во Охрид, Свети Архангел Михаил во Радожда, Свети Јован Бигорски, Свети Ѓорѓи – Рајчица, Света Пречиста – Кичево.<br>- Учениците се делат на две групи и секоја група напоредно кажува податок за историјата или карактеристиките на сакралниот објект. Групата прави презентација за два сакрални објекти.<br>------------------------------------------------------------------------------- |

| | | |
|---|---|---|
| | | - Учениците заедно со наставникот прават презентација на исламски сакрални градби. Скопје: џамијата на султан Мурат Втори, наречена Хункар-џамија; Исак-бегова џамија, наречена Алаџа-џамија; Иса бегова џамија; Мустафа-пашина џамија; Јаја-пашина џамија. Битола: Исак-бегова џамија, Хајдар-кадија и Јени-џамија, адптирана во уметничка галерија. Во Тетово е најпозната Шарена џамија. За потребите на дервишките редови и во Македонија се градат теќиња: Рифал-теќе во Скопје и Арабати-баба теќе во Тетово. Учениците се делат на две групи и секоја група напоредно кажува податок за историјата или карактеристиките на сакралниот објект. Групата прави презентација за два сакрални објекти.<br>------------------------------------------------------------------------------------<br>- Учениците заедно со наставникот ги претставуваат и најстарите сакрални градби од католичката и протестантската традиција.<br>- Следи дискусија во групи, а заклучокот треба да биде во насока на констатирање на градбите на различните религиозни традиции како заедничко културно богатство не само во земјата, туку на овие простори.<br>------------------------------------------------------------------------------------<br>- Како завршен дел се организира квиз, каде врз основа на надворешниот облик, учениците распознаваат различни архитектонски споменици, а потоа и за внатрешноста на објектите;<br>- Учениците по избор сликаат еден објект, заштитен како споменик на културното наследство. |
| **Уметност (сликарство, резба, мозаици)**<br>(поими: икона, иконостас, фрескоживопис, вајарство, конзервација) | 5 | - Учениците поделени во две групи се запознаваат со најприсутните форми на уметност преку презентација од наставникот на споменици од христијанската и исламската традиција;<br>- Учениците заедно со наставникот прават презентација на улогата на фрескоживописот како насликано поучително четиво низ вековите. Посветуваат внимание на Богородичниот циклус од |

| | | |
|---|---|---|
| | | црквата Св. Богородица – Перивлепта, Охрид, тогаш наставникот зборува за животот на Богородица.<br>- Учениците изработуваат ликовна изложба по избор на една од темите на претставените композиции.<br>-----------------------------------------------------------------------------------<br>- Учениците заедно со наставникот прават презентација за иконостасот општо (главните правила за распоред на иконите на иконостасот), а потоа и посебна презентација на иконостасот од црквата „Свети Спас“ во Скопје, познат и по исклучителната резба. За секоја претстава во резба следи објаснување на библиските настани.<br>-----------------------------------------------------------------------------------<br>- Учениците заедно со наставникот прават презентација на најзначајните резби и мозаици од исламската, како уметнички делаод католичката традиција.<br>- Учениците прават споредби, а потоа следи дискусија со заклучоци во однос на сличностите и разликите меѓу овие религиозно инспирирани уметнички дела.<br>-----------------------------------------------------------------------------------<br>- Учениците изработуваат ликовна изложба тема  икони и фреска во мојата татковина, или прават мозаик, на хартија или со камчиња;<br>- Наставникот организира квиз за препознавање на религиозните уметнички дела од различни традиции.<br>-----------------------------------------------------------------------------------<br>- Учениците се запознаваат со основите форми на запазување (козервација) на културните споменици и улогата на сите одговорни фактори во овој процес, вклучително и верските заедници, но и целото општество;<br>- Учениците преку дискусија доаѓаат до заклучок за заедничката одговорност на сите во запазувањето на овие и на сите други видови материјално и нематеријално духовно наследство. |

| | | |
|---|---|---|
| **Археолошки артефакти**<br>(поими:керамика, злато, бронза, монети) | 3 | - Учениците со помош на наставникот прават презентација на најзначајните примероци од керамиката (теракотните икони од Виничко кале, антички теракотни фигури); ги презентираат библиските и христијанските мотиви од теракотните икони;<br>- Како завршна активност по примерот на теракотните икони, учениците прават икони од глина.<br>------------------------------------------------------------------------------------<br>- Учениците се запознаваат со присутноста на стари монети од македонските простори;<br>- Учениците прават хартиени копии од монети.<br>------------------------------------------------------------------------------------<br>- По можност се организира посета на музеј на артефакти, но и на цркви, манастири, џамии, да гледаат икони, фрески и резби. |
| **Празници и празнување**<br>(поими: Божик, Бадник, Велигден, Прочка, Рамазан, Песах, Ханука) | 6 | - Учениците самостојно  прават презентација на празникот Божик, со посебен осврт на настанот врз којшто се темели празнувањето според православната традиција, низ историјата до денес;Наставникот проверува кои извори ги користат и како ја прават презентацијата.<br>- Учениците во текот на часот зборуваат за лични искуства и сознанија од претходните празнувања на Бадник и Божик;<br>- Наставникот ги насочува да подготвуваат традиционални православни коледарски песни;Наставникот ги запознава со традицијата на песните кои се пееле за Коледе.<br>- Учениците се запознаваат со поздравувањето за време на празникот: Христос се роди! – Навистина се роди!<br>------------------------------------------------------------------------------------<br>- Учениците заедно со  наставникот прават презентација на празникот Божик според католичката и евангелско-методистичката традиција, низ историјата до денес;<br>- Учениците изработуваат Божикни честитки со убави празнични пораки кои потоа учениците ќе си ги разменат меѓусебно. Учениците организираат и Божиќен базар каде што продаваат изработки на честитки, цртежи со верски објекти, изработени |

| | | |
|---|---|---|
| | | макети и слично. Собраните средства ги даваат за хуманитарни цели.<br>------------------------------------------------------------------------------------<br>Учениците заедно со наставникот прават презентација на празникот Велигден и празниците поврзани со празникот (почнувајќи со Прочка и подготвителниот период), со посебен осврт на настанот врз којшто се темели празнувањето според православната традиција, низ историјата до денес;<br>- Учениците зборуваат лични искуства од претходните велигденски празнувања;<br>- Учениците се запознаваат со поздравувањето за време на празникот: Христос воскресна! – Навистина воскресна!<br>- Учениците зборуваат за тоа колку знааат за традицијата за бојадисување на јајца, што значи,  а наставникот појаснува како и кога  започнала  традицијата за бојосување на велигденско јајце, како и историјата на оваа традиција во земјата.<br>Учениците организираат и Велигденски базар каде што продаваат изработки на честитки, цртежи со верски објекти, изработени макети и слично. Собраните средства ги даваат за хуманитарни цели.<br>-----------------------------------------------------------------------------------<br>-  Учениците заедно со наставникот прават презентација на празникот Велигден според католичката и евангелско-методистичката традиција, низ историјата до денес;<br>- Учениците разговараат за сличностите и разликите во празнувањето.<br>- Декорираат велигденски јајце, кое ќе се подари на некое другарче посакувајќи му радосно празнување.<br>------------------------------------------------------------------------------------<br>- Учениците заедно со наставникот прават презентација на празникот Рамазан и поводот за неговото празнување, низ вековите до денес; |

| | | |
|---|---|---|
| | | - Учениците, доколку имаат, произнесуваат лични искуства од празничните настани со некое другарче или сл.<br>-----------------------------------------------------------------------------------<br>- Учениците заедно со наставникот прави презентација на празниците Песах и Ханука;- Се читаат извадоци од текстовите кои сведочат за настаните врз коишто се темели празнувањето. |
| **Музика**<br>(поими: фолклор, црковно и исламско пеење, музика со религиозни мотиви) | 1 | - Наставникот им презентира на учениците различни изведби на традиционална религиозна музика или музика со религиозна инспирација од овие простори;<br>Учениците ги препознаваат различните форми на музика;<br>- Се прави презентација за религиозна музика (пеење) во светот и во земјата, споделена од различни религиски традиции (пр. Псалм 136, „На реките Вавилонски“ од еврејската и христијанската традиција, во изведба на македонски и светски изведувачи).<br>- Учениците избираат да подготват фолклорна или духовна песна од различна религиска традиција. |
| **Традиционалнинародни облеки (носии и украси) и религиски облеки и ознаки**<br>(поими: ткаеници, плетила, накит, пафти, филигран, мантија, одежди, облеки) | 1 | - Учениците заедно со наставникот прават презентација на македонски носии, ткаеници, плетила, китење и накит;<br>- Учениците прават мала изложба на дел од носии или украси, оригинални и насликани од учениците.<br>- Наставникот прави презентација на основните религиски облеки на свештените лица од различните религиски традиции;<br>Се прави презентација на значајни религиски облеки или ознаки од религиската и културната традиција (од познатата митра на охридските архиепископи до подарениот жезол од Романската православна црква веднаш по прогласувањето на самостојноста на Македонската православна црква пред половина век.<br>Учениците поделени во две групи прават ликовна изложба со цртежи инспирирани од народните носии и од религиските облеки.<br>Учениците и наставникот прават изложба во училиштето со фотографии и цртежи од религиозното и културното наследство во нашата татковина. |

Норматив: Наставата по наставниот предмет религиозно и културно наследствоја изведува професор - специјалист по методика на наставата по религиско образование.